рз основа на член 90 став (3) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија" бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17 и 83/18), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОБЛИСКИТЕ ДОПОЛНИТЕЛНИ УСЛОВИ ЗА ПОДДРШКАТА ОД МЕРКИТЕ ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ, ПРИФАТЛИВИТЕ ТРОШОЦИ И ВИСИНАТА НА ПОДДРШКАТА ЗА ПРИФАТЛИВИТЕ ТРОШОЦИ ПО КОРИСНИК ЗА ПОЕДИНЕЧНА МЕРКА

Член 1

Во Правилникот за поблиските дополнителни услови за поддршката од мерките за рурален развој, прифатливите трошоци и висината на поддршката за прифатливите трошоци по корисник за поединечна мерка („Службен весник на Република Македонија" бр. 124/11, 80/13, 72/14, 88/15, 35/16 и 59/16), по членот 2 се додава нов член 2-а кој гласи:

"Член 2-а

(1) Дополнителни услови за поддршка за економско здружување на земјоделски стопанства за заедничко вршење на земјоделска дејност за инвестиции за набавка на земјоделска механизација се следните:

– деловен план за работа на земјоделската задруга со планирана инвестиција;

– одлука на собранието на земјоделската задруга за потребната набавка на земјоделска механизација и

– исплата на плати на вработените во земјоделската задруга за претходната година или за новоформираните земјоделски задруги исплата на последната плата.

(2) Поддршката од став (1) од овој член се реализира преку одобрен деловен план од страна на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој, кој треба да ја предвидува потребата за користење на набавената земјоделска механизација за период од пет години од денот на одобрувањето на поддршката.

(3) Деловниот план од став (1) алинеја 1 од овој член треба да ги содржи следните елементи:

- преглед на состојбата на земјоделската задруга (човечки, технички, просторни и производни капацитети),

- цел и план за развој на земјоделската задруга со временска рамка за реализација за период од пет години,

- краток опис за активностите во земјоделството поврзани со потребата од набавка на земјоделска механизација,

- детален план на неопходни инвестиции, обука за унапредување на физичкиот потенцијал на земјоделската задруга, потреба од советодавни услуги, привлекување на нови членови и други активности за обука и развој на земјоделската задруга и

- следење на спроведувањето на деловниот план.

(4) Поддршката од став (1) од овој член не ги опфаќа земјоделските задруги кои во претходните јавни повици набавиле земјоделска механизација од ист тип на инвестиција по овој вид на поддршка од мерката 131 од Програмите за финансиска поддршка на руралниот развој.

(5) Земјоделските задруги кои во претходните јавни повици набавиле земјоделска механизација од ист тип на инвестиција по овој вид на поддршка од мерката 131 од Програмите за финансиска поддршка на руралниот развој можат да користат друг тип на инвестиција од земјоделска механизација доколку прикажат зголемување на бројот на членови во земјоделската задруга од 20%.“

Член 2

Во членот 8 став (1) точка в) во алинејата 8 по зборовите „придружни објекти “се додаваат зборовите „и надоместок за трајна пренамена на шуми и шумско земјиште“.

Член 3

Во членот 9 во ставот (2) износот: „ 6.000.000“ се заменува со износот: „ 1.000.000“.

Член 4 Членот 12 се менува и гласи:

„(1) Прифатливи трошоци за користење на неповратна финансиска помош од мерките за потикнување на локален развој во рурални средини се следните:

а) За поддршка за здобивање на знаења и вештини за подготвување и реализација на стратегии за локален развој на рурални средини, како и за информирање и обука на населението за улогата и функцијата на Локалната акциона група (во натамошниот текст: ЛАГ) прифатливи се трошоците за:

– ангажирање на стручни лица/експерти за обука и едукација на вработените и членовите на ЛАГ (на пример: за добро финансиско управување, подготовка на проектни апликации, управување со проекти и сл.);

– закуп на објекти, изнајмување на опрема и користење на угостителски услуги за организирање на настани за работата на ЛАГ;

– подготовка и печатење на материјали за спроведување на активности за информирање и обука на населението за работата на ЛАГ;

– учество на членовите на ЛАГ на семинари, работилници, состаноци, студиски посети, вклучително и настани од националната и европската мрежа за рурален развој;

– креирање на веб-страница на ЛАГ и трошоци за одржување и

– услуги за преведување и толкување на материјали и симултан превод на стручни лица/експерти за обука и едукација на населението за работата на ЛАГ.

б) За воспоставување и работа на ЛАГ прифатливи се трошоците за:

– закуп и одржување на простории за работа на ЛАГ;

– набавка на опрема, канцелариски мебел, канцелариски материјали, ИТ опрема и друга опрема за работа на ЛАГ,

– набавка на услуги за претходна подготовка, спроведување и следење на активностите на ЛАГ и

– управување со проекти и контроли поврзани со одобрување на проекти.

в) За реализација на стратегии за локален развој на рурални средини (подготвени од ЛАГ) прифатливи се трошоците за:

– закуп на објекти/простории и користење на угостителски услуги за одржување на настани во врска со реализација на стратегии за локален развој на рурални средини;

– градба и реконструкција на објектите опфатени со проектите во врска со реализација на стратегии за локален развој на рурални средини;

– набавка на опрема за реализација на проектите во врска со реализација на стратегии за локален развој на рурални средини;

– реализација на проекти за: Развој на инфраструктура; Валоризација на природните и културните вредности во руралните средини; Активности за обновување на селата; Поддршка на руралните бизниси за подобрување на економската активност во руралните средини; Активности за млади, социјално исклучени лица и лица со посебни потреби и активности поврзани со родова еднаквост; Рурален туризам и активности за диверзификација; Културни и занаетчиски активности; Активности за производство на обновлива енергија и Иницијативи поврзани со зачувување на пејзажот и животната средина;

– изработка на студии (за влијание врз животната средина, за развој на одредени карактеристики на областа и други анализи што треба да се извршат во врска со спроведување на проекти);

– ангажирање на стручни лица/експерти за подготвување и реализација на проектите и

– подготовка, печатење и публикување на промотивни/маркетинг материјали за реализирани проекти.

(2) Висината на поддршката за прифатливите трошоци по корисник на мерката од став (1) од овој член, изнесува:

- до 200.000 денари за трошоци за поддршка за здобивање на знаења и вештини за подготвување и реализација на стратегии за локален развој на рурални средини како и за информирање и обука на населението за улогата и функцијата на ЛАГ;

- до 800.000 денари за воспоставување и работа на ЛАГ, но не повеќе од 450.000 денари за услуги поврзани работата на ЛАГ, не повеќе од 200.000 денари годишно за закуп и одржување на простории за работа на ЛАГ и не повеќе од 150.000 денари за набавка опрема, канцелариски мебел, канцелариски материјали, ИТ опрема и друга опрема за работа на ЛАГ и

- до 800.000 денари за реализација на стратегии за локален развој на рурални средини (подготвени од ЛАГ), вклучувајќи ги трошоците за експерти ангажирани за подготвување и реализација на проектите, како и трошоци за подготовка, печатење и публикување на промотивни/маркетинг материјали за реализирани проекти кои не може да изнесуваат повеќе од 5% од вкупниот износ на проектот.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.02-7394/8

21 септември 2018 година

Скопје

Министер за земјоделство, шумарство и водостопанство,

**Љупчо Николовски,** с.р.